# ЈАС МОЖАМ ДА ВЛИЈААМ!

Финансиран од:

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

Проект:

МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

Реализиран од:

МЛАДИТЕ МОЖАТ

Издавач:
Младите можат
www.youthcan.org.mk
info@youthcan.org.mk

Автори:
Горјан Славковски
Стефан Јовановски

Дизајн:
Креативно студио „Преплет“
Лектор:

Тираж:
170 примероци

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Амбасадата на САД во Скопје во рамките на Проектот Младински локални иницијативи. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот и не ги изразува ставовите на Амбасадата на САД или на Владата на Соединетите Американски Држави

# СОДРЖИНА

ВОВЕД....................................................................................................4

I. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ........................................................5

II. ЗА ПРОЕКТОТ МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ............20

III. РЕАЛИЗИРАНИ ИНИЦИЈАТИВИ...........................................................13

Општина Гази Баба..................................................................................13-15

Општина Илинден.......................................................................................15

Општина Чаир...............................................................................................15

Општина Карпош.........................................................................................15

Општина Кисела Вода...............................................................................15

# ВОВЕД

## МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И АКТИВИЗАМ

Младинското учество е камен темелник на младинските политики и подразбира вклучување на младите во носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите. Меѓутоа активно учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина. Поради ова, максимата "младите луѓе се иднината" треба да се замени со "младите луѓе се сегашноста".

Постојат многу начини на кои младите можат да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои им се важни ним и за целата заедница. Најчестите форми на младинско учество кои се забележани во современите европски општества се следниве[1] :

• Волонтерска работа;
• Учество во разни форми на неформално образование;
• Врсничка едукација - вклучување на младите во едукација на своите врсници;
• Младински совети, парламенти, форуми и други структури - традиционален начин на учество во процесот на донесување одлуки во рамките на меѓународни, национални, регионални или локални власти, училиштата, клубови, невладини организации итн.:
• Ко-менаџмент системи кои постојат во некои институции (на пример, во Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа), каде што одлуките се донесуваат заедно на еднаква основа со претставници на младите луѓе и претставници на властите:
• Консултации - се користат во процесот на донесување одлуки со цел да се искажат грижи и потреби и да се направат предлози.

1 "Have your say!" - Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008), стр.21

## СТЕПЕНИ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Постојат различни степени на кои младите можат да бидат вклучени и да учествуваат во зависност од локалната ситуација, ресурси, потреби и ниво на искуство. Роџер Харт предлага модел на т.н. скалила на партиципација[1] кои ги илустрираат различните степени на вклученост на младите луѓе во проекти на дадени организации и заедници. Оваа скала може да послужи како алатка за многу организации и институции за да ја проценат вклученоста на младите во процеси кои се однесуваат на нив или кои ги засегаат.

**Скалило 8: Споделено донесување на одлуки**
Проекти или идеи иницирани од страна на млади луѓе, кои ги поттикнуваат возрасните да учествуваат во процесот на донесување одлуки како партнери.

**Скалило 7: Иницирано и водено од младите луѓе**
Проекти или идеи директно иницирани од младите луѓе, возрасните може да се вклучени за да ја дадат потребната подршка, но проектот може да биде реализиран и без нивна интервенција.

**Скалило 6: Иницирaн од возрасните, споделено носење на одлуки со младите**
Процесите се иницирани од страна на возрасните, но младите се поканети при носењето одлуки и преземаат одговорност како рамноправни партнери.

**Скалило 5: Консултирани и информирани**
Проекти кои се иницирааат и спроведуваат од страна на возрасните,додека пак млади луѓе даваат совети и предлози и се информирани како овие предлози придонесуваат за конечните одлуки или резултати.

**Скалило 4: Назначени, но информирани**
Проекти иницирани и реализирани од страна на возрасните, додека пак младите луѓе се поканети да земат одредени улоги или задачи во рамките на проектот и се свесни за влијанието што тие го имаат во реалноста.

---

1 "Have your say!" - Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008)

**Скалило 3: Токенизам**

Младите луѓе имаат некои улоги во рамки на проекти, но тие немаат реално влијание врз било кои одлуки. Постои лажна слика (намерно или ненамерно) дека младите луѓе учествуваат, кога всушност тие немаат никаков избор за она што го прават и како тоа го прават.




**Скалило 2: Декорација**

Младите луѓе се потребни во процесот за да ги претставуваат младите како обесправена група. Тие немаат значајна улога, но, како и секоја декорација, ставени се на видно место во рамките на еден проект или организација за да можат лесно да бидат забележани од надворешноста.

**Скалило 1: Манипулација**

Младите луѓе се поканети да земат учество во проектот, но тие немаат реално влијание врз одлуките и исходите. Всушност, нивното присуство се користи за да се постигнат некои други цели како на пример победа на локалните избори, давање на подобра слика за една институција или обезбедување на некои екстра средства од институции за поддршка на учеството на младите.

# ЗА ПРОЕКТОТ МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

## *Општина ГАЗИ БАБА*

## РЕАЛИЗИРАНИ ИНИЦИЈАТИВИ

### - Проблем кој се таргетирал

Шест млади ентузијасти од општина Гази Баба како проблем го увидоа недостатокот на книги во библиотеката во Автокоманда. Библиотеката „Кочо Рацин“ беше недоволно опремена да ги задоволи потребите на жителите на територија на општина Гази Баба. Поради ова сите заинтересирани читатели биле принудени да патуваат до најблиската библиотека.

### - Цел на иницијативата

Главната цел на оваа иницијатива беше зголемување на фондот на книги во библиотеката „Кочо Рацин“ за задоволување на потребите на читателите на општина Гази Баба. Понатаму беше увидената потребата да се зголеми и изборот на книги достапен. А покрај ова, се целеше и кон подигнување на свеста за читање книги кај помалку активните читатели.

### - Спроведени активности

- Состанок со претставници од библиотеката „Кочо Рацин“, претставување на идејата која беше прифатена од нивна страна
- Состанок со претставници од општина Гази Баба, за поддршка на целата иницијатива
- Испратени над 10 барања за донација до книжари и издавачки куќи
- Промоција по медиуми и социјалните мрежи
- Поставување на постери на територијата на општина Гази Баба
- Отворен ден во библиотеката „Кочо Рацин“ и канцелариите на Младите можат за донирање на книги насловен „Да, можеш, подари книга!“

Оваа иницијатива успешно беше спроведена со зголемување на книжниот фонд на библиотеката „Кочо Рацин“ за 240 нови книги.

## ИСКУСТВА НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Ангела Колевска** - Сакам, неможам, кој па сега мене ќе ме слуша, не знам од каде да почнам, џабе се малтретирам дете сум уште". Пред да се вклучам во тимот на ММ ги имав точно овие мисли, бев изгубена во светот на "големите и постари луѓе". Не знаев што можам и како да го направам тоа, но благодарејќи на оваа невладина организација бев лидер на една група млади со кој што преку проектот "Локални Младински Иницијативи" и нашиот тимски обработен мини проект го зголемивме бројот на фондот на книги во библиотеката "Кочо Рацин" во Автокоманда. Знам дека звучи смешно и едноставно да се соберат книги и да се донираат во библиотеката, но верувај со одличен тим, одлични ментори,координатори и куп фини млади луѓе јас се изградив како личност. Сега знам како да почнам со реализирање на мојот иден поголем проект, знам што е тим и знам дека сум гордо исправена 20 годишна девојка која може многу да промени во општеството.Вклучи се и ти, биди мал ама гласен глас, кажи ја својата идеја и со помош на другарите од ММ реализирај го својот проект.

**Сања Кутаноска** - Учеството во овој проект претставува големо искуство за мене пред се од аспект на неформалното учење. Со вакви видови на проекти им се нуди на младите неформален начин на образование како и редовни обуки.Исто така влијае при развивање на критичко размислување како и потикнување на предземање иницијативи.
Што почесто да се вклучуваат во вакви проекти, бидејќи основна цел на ваков вид проекти е да ги поттикне и поддржи младите да превземаат иницијативи, да ги реализираат своите идеи преку иницијативи и активно да учествуваат во општествените случувања на локално ниво.

*Општина ГАЗИ БАБА*

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ДЕЦАТА ОД ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**- Проблем кој се таргетирал**

Недостаток на грижа за лица под социјален ризик

**- Цел на иницијативата**

Да се поттикне хуманоста кај жителите на општина Гази Баба и да се зголеми свесноста за донирање во добротворни цели

**- Спроведени активности**

Групата од 6 посветени волонтери се насочи кон организирање на хуманитарна забава од каде собраните средства ќе бидат искористени за Дневниот центар за деца со посебни потреби. Иако без големо искуство во организирање на настани, мотивацијата и желбата за остварување на општествена промена беше нивна водилка при целиот процес.

Наоѓање на простор, подготовка на програма за настанот, покана за артисти (изведувачи) за време на настанот, промоција на настанот, собирање на донации, медиумска покриеност...беа едни од предизвиците со кои се соочија.

По едномесечно интензивно планирање, главниот настан, хуманитарна забава се одржа на 10.07.2014 г. во "Гајба Бар". На настанот како артисти настапија: Светле (South Park), Јана Бурческа и DJ Догазански. Вкупно на забавата присуствуваа над 70 млади луѓе кои покажаа хуманост и донираа за општествени цели.

Сите собрани средства од настанот беа предадени на дневниот центар за деца со посебни потреби во населбата Железара.

## ИСКУСТВА НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Виктор Атанасовски – Тим лидер на иницијативата** - Се работи за прекрасен проект, кој им овозможува на младите луѓе да размислуваат во една поразлична димензија, различна од она класично, просечно размислување, дека секогаш треба да чекаме нешто од некого, дека секогаш е некој друг виновен за тоа што се случува.
Проектот не тера да размислуваме како млади луѓе кои имаат одговорност кон нашето општество, ние сме всушност креаторите на идината, ние сме тие кои преку граѓанскиот активизам можеме да дејствуваме кон промените на нештата кон подобро, почнувајќи најпрво од локалната заедница.
Мене лично многу позитивно ми влијаеше учеството во овој проект, ме натера да размислувам во таа правилна насока како млад човек, да бидам борец, да се изборам тоа што сакам да го добијам. Доколку сакам велосипедска патека во моето место за живеење, ке покренам иницијатива за тоа, ќе најдам истомисленици, ќе го добиеме тоа.
Им препорачувам на младие луѓе доколку сакаат преку неформален начин, дружба, интересни разговори со други интелигентни млади луѓе, да учествуваат во што повеќе слични проекти и да ги прошират своите хоризонти, да бидат лидери не само за иднината, туку лидери за денес, почнувајќи од сега.

**Марија Цветковска** - Проектот Младински локални иницијативи ме испирираше секогаш да се борам за тоа што сакам да го добијам, бев мотивирана за да помогнам и мило ми е што успеав во тоа благодарение на овој проект. Научив многу како се прави проект, како се учествува во него и колку е убаво чувството кога проектот ке биде успешен, ќе се помогне, ќе се направи нешто за вашата населба каде што сте го поминале половина од животот. Незаборавна е дружбата во тимот, борбата за успех која се чувствува, насмевката на луѓето на кои ќе помогнете. Многу е битна и поддршката која ја добивме од тимот Младите Можат, секогаш беа со нас, не бодреа, ни помагаа во најтешките моменти и благодарение на сите нас ние успеавме.
На сите млади им препорачувам да се вклучат во вакви проекти, многу ќе научат, ќе помогнат, ќе дознаат дека и тие можат нешто да направат за нивната населба, дека и тие можат некого да направат среќен. Дополнително вакви проекти ви овозможуваат голема дружба, запознавање со многу луѓе, забава, и тимска работа.

*Општина ГАЗИ БАБА*

## РЕАЛИЗИРАНИ ИНИЦИЈАТИВИ

**- Проблем кој се таргетирал**

Шест млади ентузијасти од општина Гази Баба како проблем го увидоа недостатокот на книги во библиотеката во Автокоманда. Библиотеката „Кочо Рацин“ беше недоволно опремена да ги задоволи потребите на жителите на територија на општина Гази Баба. Поради ова сите заинтересирани читатели биле принудени да патуваат до најблиската библиотека.

**- Цел на иницијативата**

Главната цел на оваа иницијатива беше зголемување на фондот на книги во библиотеката „Кочо Рацин“ за задоволување на потребите на читателите на општина Гази Баба. Понатаму беше увидената потребата да се зголеми и изборот на книги достапен. А покрај ова, се целеше и кон подигнување на свеста за читање книги кај помалку активните читатели.

**- Спроведени активности**

- Состанок со претставници од библиотеката „Кочо Рацин“, претставување на идејата која беше прифатена од нивна страна
- Состанок со претставници од општина Гази Баба, за поддршка на целата иницијатива
- Испратени над 10 барања за донација до книжари и издавачки куќи
- Промоција по медиуми и социјалните мрежи
- Поставување на постери на територијата на општина Гази Баба
- Отворен ден во библиотеката „Кочо Рацин“ и канцелариите на Младите можат за донирање на книги насловен „Да, можеш, подари книга!“

Оваа иницијатива успешно беше спроведена со зголемување на книжниот фонд на библиотеката „Кочо Рацин“ за 240 нови книги.

## ИСКУСТВА НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Ангела Колевска** - Сакам, неможам, кој па сега мене ќе ме слуша, не знам од каде да почнам, џабе се малтретирам дете сум уште". Пред да се вклучам во тимот на ММ ги имав точно овие мисли, бев изгубена во светот на "големите и постари луѓе". Не знаев што можам и како да го направам тоа, но благодарејќи на оваа невладина организација бев лидер на една група млади со кој што преку проектот "Локални Младински Иницијативи" и нашиот тимски обработен мини проект го зголемивме бројот на фондот на книги во библиотеката "Кочо Рацин" во Автокоманда. Знам дека звучи смешно и едноставно да се соберат книги и да се донираат во библиотеката, но верувај со одличен тим, одлични ментори,координатори и куп фини млади луѓе јас се изградив како личност. Сега знам како да почнам со реализирање на мојот иден поголем проект, знам што е тим и знам дека сум гордо исправена 20 годишна девојка која може многу да промени во општеството.Вклучи се и ти, биди мал ама гласен глас, кажи ја својата идеја и со помош на другарите од ММ реализирај го својот проект.

**Сања Кутаноска** - Учеството во овој проект претставува големо искуство за мене пред се од аспект на неформалното учење. Со ваквите видови на проекти им се нуди на младите неформален начин на образование како и редовни обуки.Исто така влијае при развивање на критичко размислување како и потикнување на предземање иницијативи.
Што почесто да се вклучуваат во вакви проекти, бидејќи основна цел на ваков вид проекти е да ги поттикне и поддржи младите да превземаат иницијативи, да ги реализираат своите идеи преку иницијативи и активно да учествуваат во општествените случувања на локално ниво.

*Општина ИЛИНДЕН*

## СЕРИЈА ОБУКИ ЗА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Кога младите сакаат и имаат можност да направат промени во својата средина одличниот резултатот е неизбежен. Затоа проектот Младиниски локални иницијативи во Илинден беше дочекан со огромно задоволство од младите во општината.

Тимот од млади жители на Илинден сметаа дека нема доволно обуки за млади на територијата на општината, обуки кои ќе ги поттикнат младите да размислат поинаку и кои барем малку ќе им помогнат да почнуваат да стануваат свесни кои се всушност тие и што навистина сакаат во животот.

Овој тим ја презема одговорноста за иницијативата за организирање на обуки за личен развој и кариерно насочување на младите од 16 до 22 год. жители на општина Илинден.

Се соочија со огромен предизвик, нешто непознато на сите нив. Почнаа со изработка на план, па потоа и со реализација на истиот. Први почнаа креативците. Изработија едноставен, но моќен и предизвикувачки повик и уникатен и забавен постер. И потоа активностите си се надоврзуваа една по друга. Исто така, одлучија да направат средби лице в лице со младите во општината, бидејќи сметаа дека раскажувајќи им го нивното позитивно искуство од овој проект повеќе ќе бидат заинтересирани и тие да го искусат тоа.

И конечно моментот на вистината. Викендите на 16- 17 и 23- 14 август се одржаа обуките во Домот на Културата во Илинден. Имаше добар, искусен обучувач и млади кои сакаат да се надоградуваат, да се себезапознаваат повеќе и тоа се покажа како совршена комбинација. Обуките поминаа во најдобар ред, со многу игри, дискусии и секако позитивна енергија.

И на крајот се уште не беа свесни дека успеаја. Докажаа дека одличната и координираната тимска работа е предуслов за успех. Горди на се што постигнаа со поддршката на Младите можат, одлучија да продолжат да ги поттикнуваат младите да дејствуваат и да им докажуваат дека тие не се иднината, туку дека тие се сегашноста.

## ИЗЈАВИ:

**Марија Блажевска** - Кога го видов повикот за проектот Младински локални иницијативи во мојата општина Илинден, се двоумев дали да аплицирам или не. Мислев дека нема шанси мене да ме изберат, сепак немав никакви претходно искуство, ова би ми било прв проект во кој би учествувала. Но, сепак се решив, ја пратив мојата пријава и се случи чудо, ме известија дека сум избрана за учесник. Дојде и првиот викенд, време за првите обуки. Одев со некоја неизвестност, се прашував како ќе биде, како ќе се вклопам? По запознавањето на групата тие стравови исчезнаа. Се запознав со многу млади дечки, со кои иако живееме во иста општина претходно не се познававме. Првиот викенд помина супер, беше забавно, но и корисно, затоашто стекнавме огромни знаења. Дојде и вториот викенд, во кој како тим почнавме да градиме стратегија за реализација на нашите планови. Со мојот тим се решивме да организираме обуки за личен развој и кариерно насочување за младите, се со цел да им го овозможиме истото искуство кои ние го доживеавме на обуките.
Со редовни, понатамошни средби ги завршивме сите активности. Колку и да звучи чудно бевме супер, организиран, одговорен тим. Дојде моментот кога се тестираше нашата успешност, две обуки кои се одржуваа во два викенди. Млади дечки присуствуваа на обуката и се надеваме дека барем малку допринесовме за нивниот развој. Најголем показател за нашата успешност ни беше насмевката на нивните лица за време на обуките и моментот кога го поставуваа прашањето: "А кога ќе организирате пак вакви обуки?" И сега си размислувам каква грешка ќе направев ако не аплицирав. Благодарение на овој проект открив многу квалитети и способности кои сум ги поседувала. Немаше да имам нови пријатели, не само од учесниците, туку и дечките од Младите можат. Затоа секогаш кога и да ми се укаже можност аплицирам за нови проекти, аплицирам за нови пријателства, за постојана надоградба на себе. Секој проект е едно убаво животно искуство. И постојано ги поттикнувам сите да се пријавуваат, да пробуваат нови работи, затоашто цврсто верувам дека моќта е во нашите раце и дека навистина Младите можат и умеат да остварат се што ќе замислат.

**Анита Јаневска -** Би почнала само со позитивни нешта, како за почеток проектов остави позитивни траги како што запознав прекрасни луѓе, научив и да соработувам во тим, како искусен член од оваа организација можам на секој млад човек да му препорачам да се приклучи, затоа што нема да се покаете, во ниту еден случај.  Со приклучувањето во вакви организации би се изградиле како личности, би научиле многу корисни работи и згора на се' ќе запознаете нови луѓе.

**Тијана Спасева -** Вклучувањето во ЛМИ резултираше со огромно влијание и желба за промена. Зошто? Пред да дознаам за овој проект не бев активно вклучена во ниедна организација за млади. Овде се пријавив за да видам што поразлично се нуди од сите други организации и проекти кои секојдневно се организираат. Со вклучувањето на оваа обука добив еден нов став за дискутабилното прашање "Што можат младите сами"? Морам да признаам не бев многу оптимист на почетокот на предавањето. "Пак досадно класично предавање"  беа моите први мисли. Но, по неколку минути атмосферата во собата доби потполно нова енергија. Се поставуваа прашања за кои е невозможно да немаш коментар, секое прашање беше поврзано со нас, младите. Започнавме да дискутираме да даваме коментари, мислења и сето тоа одеше преку вежби и енерџајзери. Всушност се што научивме беше на доста креативен начин.. далеку од мојот прв впечаток за класично предавање. Воопшто не ми беше криво што оддвоив неколку саата од викендот дури накај дома заедно со некои од учесниците муабетевме колку чекаме да дојде утре за пак да дојдеме да видиме со што ќе не изненадат денеска. Но, бидејќи не се врти се околу теоријата, наредниот ден дојде време за да одлучиме каде да го примениме нашето знаење и да решиме еден од многуте проблеми кои ја засегаа нашата општина. Наведовме неколку и се решивме за оној кој сметавме дека е најзагрижувачки. Се одлучивме да одржиме обуки за младите за да им помогнеме да се пронајдат, да успеат да ја изберат својата кариера и да функционираат во денешното општество. Веднаш се активиравме кој покани да креира, кој да бара место, едукатори и точно во овој процес започнав да се чувствувам дека имам сила да променам нешто без разлика на тоа што сум само тинејџерка. Обуките се одржаа успешно и што е најважно сите учесници беа задоволни и побараа повторно да се одржи нешто вакво.

Откако заврши обуката станав активен член на Младите можат со што добив шанса да се искажам, да дадам идеја без страв од критики и отфрлање, да разгледам многу различни неформални начини на едуцирање, да учествувам во разни тренинзи па и да станам врснички едукатор. Благодарение на тоа сега имам знаење на повеќе области и поширок избор за начини како да успеам во животот.

Никогаш не би терала некој да проба нешто ако јас самата не сум го искусила. Токму поради ова би им препорачала на сите млади да се вклучат во што е можно повеќе обуки и тренинзи кои секојдневно се оддржуваат, да станат активни граѓани, да не се плашат од отфрлање и да го искусат различниот пристап до информации преку неформалното образование.

Со самото вклучување во вакви проекти и организации се здобиваат со нови пријатели, искуства, желба за промени и знаења. Запознавајќи го светот од гледиштето кое го имаат овие организации ќе ве натера да се побунтувате, да се запрашате зошто е нешто така и како ВИЕ можете да ги смените без да чекате на другите. Ќе ви се зголеми мотивацијата и секогаш ќе бидете чекор понапред од другите затоа што ние сме иноваторите на кои чека овој свет.

**- Проблем кој се таргетирал**

Проблемот кој го детектираат младите од општина Карпош беше проблемот рабниците на тротоарите кои на одредени места на улиците, конкретно булеварот Партизански Одреди, воедно најфрекфентната улица во општината, се несоодветни и претставуваа проблем за лицата со физичка попреченост, велосипедистите, како и за мајките кои своите бебиња ги шетаат во колички.

**- Цел на иницијативата**

Целта на иницијативата беше подигнување на свеста на жителите на општина Карпош, но и пошироко за потешкотиите во движењето со кои се соочуваат луѓето со физичка попреченост. Идејата беше сето ова да биде визуелно претставено.

**- Спроведени активности**

- Теренска анализа и документирање на сите критички точки на булеваротСостанок со претставници од општина Гази Баба, за поддршка на целата иницијатива
- Обезбедување на потребна опрема за снимање на видео
- Снимање и монтажа на 3 минутно raising awareness видео
- Промоција по социјални мрежи, медиуми и Youtube

Како резултат на оваа иницијатива произлезе видео записот Освести се! Wake up! Кој е достапен на следниов Youtube линк - https://www.youtube.com/watch?v=MJQb588T0R8

## ИСКУСТВА НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Јана Ѓорѓиевска** - Како овој проект влијаеше на тебе? Овој проект ми даде можност да го претставам личното видување за проблемите на младите во мојата општина, како и да ги искажам евентуалните сопствени проблеми. И не само. Проетот Локални Младински Иницијативи ни пружи шанса, мене и на мојот тим, да преземеме нешто во врска со секојдневните потешкотии со кои се соочуваме во својата средина. Исто така, придонесе во зацврстување на мојот тимски дух и лидерските способности.
Сметам дека секој млад човек барем еднаш наишол на потешкотија или се соочил со проблем во својата средина.Токму проектите како Локални Младински Иницијативи се нивното оружје во борба со секојдневните проблеми во нивната општина. Преку овој проект тие ќе научат да работат во тим, да размислуваат несебично и со отворен ум, да направат акциски план, ефикасно да дејствувуваат и да преземат чекори кон општествени промени.

**Маја Петковска** - Навистина ми е чест и задоволство што бев дел од еден ваков проект, каде запознав прекрасни млади луѓе , кои исто како и мене сакаа да придонесат за својата општина. Решив да учествувам во овој проект веднаш штом прочитав за него на интернет, со цел да се почувствувам корисно и да направам нешто со кое ќе се гордеам еден ден. Тој период беше навистина тежок за мене и сфатив дека единствено нешто кое ќе ме развесели ќе биде токму тоа што ќе направам нешто добро и корисно за општината. Не очекував дека ќе започнеме со решавање на еден вака деликатен проблем, но сум пресреќна и многу благодарна на координаторот на нашата група Викторија, која го посочи овој проблем и не натера сите да се запрашаме дали во најурбаната општина во градот Скопје, за која сите едногласно констатиравме дека не може да и се најде никаква маана, одредена група на граѓани се соочува со еден огромен проблем за кој ние не сме биле свесни. Без никакво размислување започнавме со смислување како да го решиме проблемот. Работејќи на овој проблем го снимивме ова видео, се со цел да им покажеме на сите граѓани, не само на Карпош, туку и на цела Р. Македонија , со каков проблем се соочуваат инвалидизираните лица.

Снимајќи го ова видео, се случија многу работи кои едноставно ми го сменија животот и размислувањата. Видов како изгледа еден обичен ден на лице кое има физичка попреченост и не така лесно може слободно да се движи по нашите улици. Но, сфатив дека проблемот не е само во улиците, проблемот е и во луѓето кои додека едно инвалидизирано лице се движи со својата инвалиднска количка, тие го гледаат со сожалување и најстрашно од се, не се ни трудат да му помогнат на било кој начин. Страшно е што младите немаат свест за тоа дека тие можат механички да се качат на тротоарот, но некој друг тоа не е физички способен да го направи, а тие не ни помислуваат да му помогнат.

Сфатив колку сме ние луѓето понекогаш и себични. Луѓето со физичка попреченост треба да претставуваат пример за сите нас. Тие и покрај проблемите со кои се соочуваат, секогаш се ведри и насмеани и многу попозитивно гледаат на работите во животот.

Искрено се надевам дека гледајќи го ова видео младите ќе сфатат дека треба повеќе да го ценат она кое го имаат, никако да не ги гледаат со сожанување инвалидизираните лица, туку само да им помогнат доколку видат дека имаат проблем со качување на тротоар или при влегување во некоја институција.

Освестете се!

*Општина Карпош*

## ОБУКИ ЗА CV, МОТИВАЦИСКО ПИСМО, КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ И ИНТЕРВЈУ

Да ги познаваш потребите на младите во твојата општина е еден чекор кон нивно решавање.

Младите од општина Карпош во голема мера знаеја со какви потешкотии се соочуваат нивните сожители и со голем ентузијазам го прифатија предизвикот да се „соочат“ со истите. Тим составен од шестмина од нив одлучи да им помогне на младите од Карпош да научат како да се претстават себеси со цел да ги „зграбат“ сите можности што им се нудат во животот.

За да го остварат тоа, одлучија да им понудат обука за пишување на CV, мотивациско писмо, комуникациски вештини и интервју. Тие сметаа дека стекнувањето на овие вештини во голема мера ќе ги подобрат нивните лични капацитети.

Не можеме да кажеме дека целиот процес одеше беспрекорно. Се соочуваа со предизвици, но тоа само го зацврсти тимот. Посветеност, упорност и истрајност беа темели на иницијативата.

Во текот на процесот на планирање, тимот одржа неколку состаноци на кои заеднички ги договараа и распределуваа задачи. Креираа постер, креираа повик за учесници, избраа предавачи за обуките и го направија финалниот избор на учесници.

Викендот на 30.01-01.02. 2015 се одржаа обуките на кои присуствуваа 17 млади кои преку предавања и работа во групи научија како да го креираат своето CV и мотивациско писмо ги подобрија своите комуникациски вештини и научија како да се припремат и како да се однесуваат на интервју за работа за стипендија за студирање и слично. Обуките беа одржани од Горјан Славковски и Ивана Петкуќевска членови и волонтери на Младите можат. Учесниците на крајот на обуката се стекнаа со сертификати за своето учество на обуките.

Учесниците на обуката си заминаа задоволни и побогати со нови вештини. Успехот беше голема мотивација и за тимот кој ги организираше обуките за да останат активни и да придонесуваат за својата заедница

## ИВАНА ФИЛКОСКА

Како лидер во проектот Младински локални иницијативи - Карпош стекнав големо искуство за тимска работа, лидерство, насочување кон проблемите и нивно подобрување. Одличната дружба со останатите членови од тимот како и позитивниот, пријателски пристап на членовите од одборот придонесоа до поголема мотивација за реализирање на проектот.

Им препорачувам на останатите млади кои досега не биле вклучени во слични вакви проекти, да се активираат и да направат промена, како на личен така и на општествен план.

Искуство - непроценливо, добра дружба – загарантирана!

Проектот „Младински локални иницијативи“ е реализиран од здружението на граѓани „Младите можат“ со поддршка од Амбасадата на САД во Скопје, во партнерство со општините:

**www.youthcan.org.mk**